**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-52/4**
**Скопје, 08.04.2026 година**

## ЗАПИСНИК
**од четириесет и втора седница одржана на 18.03.2026 година**

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева - член
г-ѓа м-р Кети Петкова-член
г-дин Ермон Незири -член
г-ѓа Зорица Павловиќ –член
г-дин м-р Ненад Савески - член
г-ѓа Светлана Стојковиќ –член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни сите членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на четириесет и втората седница на Советот, по што го предложи следниот:

**Дневен ред**

1. Разгледување на писмената изјава за продолжувањето на функција член на Советот на јавните обвинители на РСМ, согласно Законот за измена и дополнување на Законот за работни односи (Сл.весник на РСМ бр.39/25) од 20.02.2025 година поднесена од страна на г-ѓа Кети Петкова
2. Донесување на одлука за престанок на функцијата јавен обвинител во ОЈО Скопје, за јавниот обвинител Џулијана Мишевска поради исполнување на услови за старосна пензија
3. Донесување на одлука за престанок на функцијата јавен обвинител во ОЈО Скопје, за јавниот обвинител Ленче Ристоска по сопствено барање
4. Донесување на одлука за формирање на Комисија за постапување по дисциплински предмет СОЖ бр.3/23
5. Разгледување на дисциплински предмет СОЖ бр.1/26
6. Разно.

Предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Пред да се премине на точката еден од дневниот ред, членот на Советот г-ѓа Кети Петкова побара согласно член 10-б од Законот за Советот на јавните обвинители да се изземе од оваа точка од дневниот ред, па откако членовите на Советот го усвоија предлогот, истата ја напушти седницата.

Под точка еден од дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги извести членовите на Советот дека членот на Советот г-ѓа Кети Петкова поднела изјава за продолжување на фунцијата член на Советот согласно Законот за измена и дополнување на Законот за работни односи, до Советот на јавните обвинители на РСМ, како и до Собранието на РСМ. Ги извести членовите дека на 26.03.2026 година од страна на Собранието на РСМ е добиено писмо кое е доставено до членовите на Советот на запознавање. Во писмото е констатирано дека согласно Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ се уредува работата на Советот и согласно член 35 ст.3 од Законот за Советот во случајот од ст.1 т.3 на овој член, престанок односно продолжување на функцијата член на Советот, со решение Советот го констатира на првата наредна седница. Согласно оваа одредба, надлежноста за констатирање престанок, односно продолжувањето на функцијата член на Советот, се констатира со решение на Советот на јавните обвинители на РСМ. Тоа значи дека Советот согласно закон може да ја продолжи функцијата –член на Советот за една година, но во конкретниот случај на г-ѓа Кети Петкова не може да се продолжи функцијата за една година, туку само додека и трае мандатот како член на Советот до 26.07.2027 година. Отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Светлана Стојковиќ која кажа дека колешката ги исполнува условите за старосна пензија на 18.08.2026 година и согласно измените на Законот за работните односи и членот 35 од Законот за Советот на јавните обвинители истата има право на продолжување на вршење на функцијата- член на Советот за една година со доставување на писмена изјава, која во случајот е поднесена согласно законот. Меѓутоа со оглед дека четиригодишниот мандат на г-ѓа Кети Петкова трае до 26.07.2027 година, продолжувањето на функцијата може да биде најмногу до наведениот датум. Согласно член 35 став 3 од Законот за Советот на јавните обвинители, при вака доставена изјава за продолжување на функцијата, Советот само тоа го констатира на седница.

Откако никој друг не зема збор по оваа точка од дневениот ред, Советот едногласно го донесе следниот:

**Заклучок: Советот донесе решение со кое се констатира продолжување на функцијата член на Советот на јавните обвинители на РСМ на членот на Советот г-ѓа Кети Петкова сметано од 18.08.2026 година – ден на исполнување на услови за старосна пензија до 26.07.2027 година, последен ден на траење на мандатот како член на Советот.**

Пред да се помине на точката два од дневниот ред, членот на Советот г-ѓа Кети Петкова се врати да присуствува на седницата.

Под точка два од дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги извести членовите на Советот дека јавниот обвинител во ОЈО Скопје Џулијана Мишевска поднела барање до Советот за престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија. Наведе дека јавниот обвинител на 02.05.2026 година полни 62 години со што ги исполнува условите за старосна пензија.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за престанок на функцијата јавен обвинител во ОЈО Скопје за јавниот обвинител Џулијана Мишевска поради исполнување на услови за старосна пензија со навршување на 62 годишна возраст заклучно со 02.05.2026 година.**

Под точка три од дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги извести членовите на Советот дека јавниот обвинител во ОЈО Скопје г-ѓа

Ленче Ристоска поднела барање за престанок на функцијата јавен обвинител по сопствено барање. Согласно член 44 од Законот за Советот на јавните обвинители, во ваква ситуација Советот само ја констатира оваа оставка, без посебно да ги испитува причините за истата.

Од страна на членовите на Советот барањето на јавниот обвинител беше прифатено, по што се донесе слдниот:

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за престанок на функцијата јавен обвинител во ОЈО Скопје на јавниот обвинител Ленче Ристоска по сопствено барање.**

Пред да се помине на точките 4 и 5 од дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Башкм Бесими кажа дека поради тоа што Јавниот обвинител на РСМ е предлагач во дисциплинските предмети, истиот не треба да биде присутен при разгледувањето на овие точки, по што г-н Ненад Савески ја напушти седницата.

Под точка четири од дневниот ред, претседателот на Советот кажа дека со оглед на фактот дека одлуката е поништена од страна на Управниот суд, согласно Деловникот за работа на Советот предложи да се формира Комисија по предметот СОЖ бр.3/23, така што за членови на Комисијата ги предложи Марјана Илиеска, Ардиан Демири и Кети Петкова.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка пет од дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека во конкретниот дисциплински предмет од страна на дисциплинската комисија била донесена одлука, против која јавниот обвинител Расим Дреца изјавил жалба, меѓутоа во меѓувреме поднел барање за престанок на функцијата јавен обвинител и на седница на Советот му е констатиран престанок на функцијата јавен обвинител, па поради тоа во конкретниот случај дисциплинската постапка треба да се запре.

Членовите на Советот го прифатија предлогот, по што се донесе следниот:

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука по предметот СОЖ-1/26, да се запре дисциплинската постапка поведена против поранешниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје, Расим Дреца поради престанок на функцијата јавен обвинител.**

Под точка разно од дневниот ред никој не зема збор, по што претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи четириесет и втората седница на Советот.

**Записникот го водел,**
**Аспарух Мисајловски**
**Генерален Секретар**

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Башким Бесими